UDK
001
7

ISSN 0352-3497

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА ДНУ
# ANNALS OF PAPERS ASA

ТОМ 14 И 15 ГОДИШТЕ
1998/99
ПРИЛЕП
PRILEP



| | |
|---|---|
| ЗБ. ТР. ДНУ – ПРИЛЕП, 14 и 15<br>AN. PAP. ASA – PRILEP, 14, 15 | Стр. 1- 188, Прилеп, 1998/99<br>Page 1- 188, Prilep, 1998/99 |

ЗБ. ТР. ДНУ - ПРИЛЕП, 14 и 15, стр. 7 - 19, 1998/99
AN. PAP. ASA - PRILEP, 14, 15, page 7 - 19, 1998/99

ISSN 0352-3497

# ПОДОБРУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ И ПРОДУКТИВНОСТА НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО-ПРИМАРНА ЗАДАЧА НА ТУТУНОПРОИЗВОДИТЕЛОТ

Трајче МИЦЕСКИ*

# IMPROVEMENT OF QUALITY AND PRODUCTIVITY IN TOBACCO PRODUCTION - A PRIMARY TASK OF TOBACCO PRODUCER

## ABSTRACT

Quality and productivity have a great importance in tobacco industry.

Tobacco industry is consisted of many activities and phases (production, procession, purchase and trade of cigarettes, scientific research, educational activities e.t.c.), and tobacco production is the first ring in the chain, i.e. its primary phase. It means that quality and productivity in tobacco production are very important for all other economic activities of tobacco.

Bearing in mind the great importance of tobacco as agronomic culture in total agronomic production and also as industrial culture in manipulation, procession and trade of tobacco and tobacco products, its export orientation as well as its role from socioeconomical aspect (engagement of 10-15% of the total population in the Republic), it is very natural to think about continuous improvement of tobacco quality and productivity.

## ВОВЕД

Не може да се зборува за унапредување на работењето на еден стопански субјект ако до израз не дојде неговиот квалитет и продуктивност.

---

* Д-р Трајче Мицески, Институт за тутун-Прилеп

Квалитетот и продуктивноста сѐ повеќе се неопходни и во тутунското стопанство.

Тутунското стопанство опфаќа многубројни активности поврзани со производството, обработката, откупот, преработката и продажбата на тутунот, производството и прометот на цигари, научноистражувачките, образовните и др. активности, каде тутунопроизводството е прва алка во овој синџир на активности, односно негова примарна фаза. Тоа значи дека квалитетот и продуктивноста во тутунопроизводството се многу значајни за останатите стопански активности на тутунот.

Поаѓајќи од големото значење на тутунот како земјоделска култура во вкупното земјоделско производство, а потоа како индустриска култура во обработката, преработката и прометот со тутун и тутунски преработки, неговата извозна ориентација, како и неговата улога од социјално-економски аспект за голем дел од населението во Републиката (ангажираност од 10 до 15% од целокупното население), со право се размислува за континуирано подобрување на неговиот квалитет и продуктивност.

## 1. КВАЛИТЕТОТ И ПРОДУКТИВНОСТА, ОСНОВНИ ФАКТОРИ ЗА ДЕЛОВНИОТ УСПЕХ

Јасно е дека пазарното стопанисување се заснова на принципот на меѓусебно натпреварување на стопанските субјекти.

Тоа натпреварување наликува на маратонска трка во која мораат да учествуваат сите. Оние кои добро се подготвени ќе стигнат до целта. Некои од нив ќе бидат во првите, други во средината, а некои на крајот. Оние кои се откажале во текот на трката никогаш нема да стигнат до целта.

Исто е и со стопанските субјекти. Успеваат оние кои добро работат, кои добро ја предвидуваат иднината, кои добро го preценуваат пазарот, зашто пазарот е немилосрден. Ѓи наградува способните, а ги казнува и елиминира неспособните.

Во тој поглед една од најважните современи претпоставки за освојување на пазарот е квалитетот на производите. Всушност, за да се манифестира квалитетот на производите, тој мора претходно да бил интегрален дел на целокупното работење во организацијата. Па, оттаму со право се истакнуваат трите аспекти на квалитетот: пазарен, деловен и квалитет на живеење. Но, сепак поедноставно кажано, квалитетот произлегува од човекот и се враќа во човекот.

Квалитетот во работењето е процес на континуирано изврршување на сите активности во насока на нивно подобрување и усовршување, сѐ со цел да бидат најдобри за човекот и неговиот живот. Значи дека концептот за квалитет не претставува само рамка, односно систем еднаш даден и засекогаш непроменлив. Тој постојано се унапредува.



Постојаното подобрување на квалитетот на производите или услугите треба да биде обврска и задача на секој тутунопроизводен субјект. Па, во зависност од тоа, како ќе се спроведува управувањето во процесите на тутунопроизводството, такви ќе бидат и резултатите од работењето на тутунопроизводителот.

Со оглед на тоа што тутунопроизводството во најголем дел е во индивидуален приватен сектор, сѐ уште традиционално организирано, за надминување на истото во натамошниот период се предвидува посовремена организација, каде би можело до израз да дојде и управувањето со целосниот квалитет.

## 2. НЕКОИ АСПЕКТИ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО И НЕГОВАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Големото влијание на природните и економските фактори врз тутунопроизводството, овозможило оваа гранка во Р Македонија да стане традиционална.

Традиционалноста и популарноста на оваа гранка се заснова на производството на најквалитетни, ситнолисни, ароматични типови тутуни, а од 1970 година наваму и на производство на крупнолисни тутуни.

Значи, постојните природни и општествено-економски услови за производство и обработка на тутунот и неговата економска оправданост, овозможуваат оформување на развојна стратегија на тутунските стопански субјекти, каде во преден план ќе дојде до израз квалитетот и продуктивноста на тутунот.

Правилното формулирање на развојната стратегија, како вештина за насочување на активностите на организационите тутунски субјекти кон остварување на нивните планирани цели има важна улога за стопанството на земјата. Тоа се заснова пред сѐ на повеќекратното значење што го има тутунската гранка, особено нејзиниот примарен дел, почнувајќи од обезбедувањето егзистенција на значителен број семејства, ангажираноста на голема работна сила, учеството во вкупниот општествен производ, извозната насоченост, како и остварувањето на нето девизниот ефект за државата.

Со креирање на стратешка конзистентна развојна политика, производствените тутунски субјекти ќе можат да одговорат на предизвикот што го носи времето.

Тоа подразбира развивање на современо производство на тутун со целосна посветеност на истото, во семеен (и проширен) облик, односно развивање на фармерско производство на тутун.

Во прв поглед, тоа го овозможуваат природните услови, обработливите површини на тутун, бројните тутунопроизводители, традицијата, можноста за вработеност, егзистенција, проширување на домашниот буџет итн.

Досегашното искуство говори дека, во производството на тутун, покрај 24 производни претпријатија, се вклучени и околу 50.000 индивидуални тутунопроизводители, коопераnти со просечно 4 членови од семејството, односно над 200.000 лица, што значи над 10% од вкупното население во нашата Република.

Сигурно дека овој број секоја година не е ист, но важно е да се напомне дека истиот во наредниот период ќе се зголемува во однос на последните четири години (1994-1997).

Заради појасна претстава за движењето на бројот на тутунопроизводители по години ќе се послужиме со податоците во Табела 1.

Број на индивидуални тутунопроизводители-домаќинства по години (1987-1997)

Табела 1

| Години | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно тутунопроизводители | 57.826 | 54.440 | 49.135 | 38.809 | 40.750 | 49.348 | 53.809 | 35.416 | 24.752 | 27.110 | 42.410* |

Извор: Анализа на остварените резултати од работењето на Деловниот систем „Југотутун" според завршните сметки од 1995 и 1996 година, Скопје 1995, 1996 г.
* Податокот за 1997 година е земен од Информацијата за актуелните состојби во тутунопроизводството за 1997 година од Министерството за земјоделство на Р Македонија, септември 1997 година.

Графикон 1
Број на индивидуални тутунопроизводители-домаќинства по години




Некои од индивидуалните производители - домаќинства во новонастанатите услови на стопанисување имаат реални можности да развијаат мали приватни семејни претпријатија за производство и обработка на тутун, односно во светот познато како фармерски вид.



Развивањето на фармерско производство на тутун, подразбира современо производство на тутун, употреба на современа, во почетокот скромна, механизација и поголема површина на обработлива земја, што некои индивидуални семејства ја поседуваат, а исто така во овие услови на стопанисување може без проблеми да се обезбеди.

Услови постојат, а се јавува и потреба за зголемено производство на тутун, особено преку организирано производство, каде посебно би дошле до израз квантитетот и квалитетот на произведениот тутун.

Во изминатиот десетгодишен период во нашата Република засадената површина под тутун се движеше како што е прикажано во Табела 2 и Графикон 2.

Засадени површини со тутун во хектари (1987-1997)

Табела 2 во хектари

| Години | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно засадени хектари | 23.713 | 21.778 | 19.779 | 15.264 | 17.202 | 20.386 | 21.205 | 11.905 | 10.496 | 10.857 | 16.890* |

Извор: Анализа на остварените резултати од работењето на Деловниот систем „Југотутун" според завршните сметки од 1995 и 1996 година, Скопје 1995, 1996 г.
* Податокот за 1997 година е земен од Информацијата за актуелните состојби во тутунопроизводството за 1997 година од Министерството за земјоделство на Р Македонија, септември 1997 година.

Графикон 2
Засадена површина со тутун во хектари (1987-1997)




Од засадените површини под тутун во текот на наведените години во зависност од природните услови во годината, се добиваа различни количини тутун.

Впрочем, тоа може да се види од Табела 3 и Графикон 3.

Производство на тутун во Р Македонија во периодот
од 1986 до 1997 година

Табела 3 во тони

| Години | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно произ-водство | 35.020 | 28.648 | 22.259 | 27.537 | 16.452 | 25.195 | 26.502 | 24.002 | 18.862 | 15.683 | 15.412 | 28.282* |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија 1997, Скопје декември 1997 година, стр. 333.

* Податокот за 1997 година е земен од Информацијата за актуелните состојби во тутунското производството за 1997 година од Министерството за земјоделство на Р Македонија, септември 1997 година.

Графикон 3
Производството на тутун во Р Македонија во периодот
од 1986 до 1997 година




Од самиот податок се гледа дека, производството на тутун кое се движеше и до 35.000 тони годишно (1986), последниве години (1995, 1996) ѐ паднато на 15.000 тони.

Истражувањата покажуваат дека во наредниот период се очекува зголемување на производството на тутун.

Самата побарувачка на ориенталски тутуни на светските пазари овозможува да дојде до израз извозното значење на тутунот и остварувањето на нето девизен ефект, односно од вкупното производство на тутун 85% е наменето за извоз.

Затоа е потребно осовременување на производството на тутун преку развивање на фармерско производство на тутун (мини фарми), каде посебно ќе дојдат до израз управувањето, квалитетот, продуктивноста, ефективноста и ефикасноста на тутунопроизводството.

## 3. ОСНОВНИ ФАКТОРИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ПРОДУКТИВНОСТА НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

Задоволството на тутунопроизводителот ќе биде најголемо кога при предавањето на тутунот ќе добие најголема парична награда, а на



денот на предавањето на тутунот на тутунопроизводителот ќе му биде доделена благодарница, напишана со златни букви за најдобар тутунопроизводител. Тогаш се знае дека тоа е признание за квалитетниот тутун и најдобриот принос по единица површина.

Со цел да се постигне таков успех, неопходно е воспоставување на соодветен процес на управување со тутунопроизводството. Тоа значи да се имаат предвид основните принципи на тоа управување, со посебна изразеност на: квалитетот, квантитетот, учеството на водачот, членовите од семејството, односно вработените во претпријатието, групната, односно тимската работа, усовршувањето, користењето на научни и стручни консултански услуги, контролата, и спрема нашите размислувања, најважниот принцип за остварување на квалитет на работењето во организацијата е љубовта.

### Квалитет

Зборувајќи за квалитетот, не може да не се потенцира дека основниот негов принцип е квалитетот на целокупното работење, целокупните активности и крајниот резултат, т.е. квалитетот на производот-тутунот. Квалитетот на тутунот е главен показател и огледало на работењето на тутунопроизводителот.

За да се добие неговиот златен сјај, тој треба најпрвин да зрачи од менаџментот, водачот, членовите на домаќинството и нивните активности за на крај да се рефлектира во крајниот продукт.

### Квантитет

Квантитетот заснован врз квалитетот на тутунот, потврден со остварениот профит е основен принцип и мотивирачки фактор за тутунопроизводството. Тој, т.е неговата неразделна тројност квантитет-квалитет-профит, се референца на работењето, стимулативна ѕвезда за иднината и спремност за нови потфати.

Поголем квантитет, поткрепен со квалитет на единица обработена површина тутун, значи поголем профит, а со тоа поголема сигурност и мотивираност на тутунопроизводителот-домаќинството за наредната година.

Годишната максимализација на квантитетот-квалитетот-профитот на тутунопроизводството, ќе произлезат од неговото осовременување и развивање во фармерски тип и мали семејни претпријатија.

### Вклученост на водачот

Водачот на групата на тутунопроизводители (домаќинството), т.е. менаџерот на тутунопроизводното претпријатие треба да биде вклучен во унапредувањето на квалитетот и продуктивноста во сите процеси на активностите на тутунопроизводството.

Тоа мора да биде така, бидејќи искуството покажува дека водачот, т.е. менаџерот е тој кој ја креира целокупната активност, т.е. деловната политика во домаќинството, односно претпријатието. Неговиот правилен став кон активностите во работењето и еднаквиот третман кон сите членови во групата, т.е. претпријатието во многу придонесува за подготвување на добра работна атмосфера.

### Учество на членовите од домаќинството

Сите ангажирани членови во тутунопроизводството треба да имаат обврска кон квалитетот и продуктивноста. Со оглед на тоа што кај индивидуалните тутунопроизводители се вклучени скоро сите членови во тутунопроизводството, тогаш одговорноста за квалитетот отпаѓа на одговорниот во семејството и на постарите, поискусните и стручните лица. Тие треба да укажуваат при секој проблем и да вршат постојана контрола на работењето.

### Групна, т.е. тимска работа

Тутунопроизводството е активност која се извршува групно, со посебна грижа за сите операции. Со тоа членовите од групата си добиваат свои задолженија каде посебно се усовршуваат-специјализираат кон онаа активност која најдобро и најквалитетно ја извршуваат. Пример кај садењето на тутунот. Некои членови садат, а додека некој ги прави редовите за садење и наводнува, итн. па така заедно прават тим (група) која најефикасно ќе ја извршува својата работа.

### Усовршување во работата

Како секоја работа, така и тутунопроизводството има свои специфичности, кои бараат посебна оспособеност. Затоа, со цел поефикасно да се извршуваат одделните процеси, потребно е нивно познавање и



постојано усовршување. Практичната работа, пишаниот материјал и советите од консултантските тела, се условот за постојано усовршување на тутунопроизводителите.

### Користење на научни и стручни консултантски услуги

Современото производство на тутун со себе ја носи потребата од развивање и користење на научни и стручни консултантски услуги, преку поврзување со научно-истражувачки институции, обука, редовно информирање на тутунопроизводителите во врска со примената на современите методи во производството, контрола на сортната застапеност, квалитетот и сл.

### Мотивација

Мотивацијата на членовите на групата (семејството) е важен фактор за квалитетот и продуктивноста на тутунопроизводството. Водачот на групата (таткото) мора да ги има предвид и барањата на членовите во семејството и да знае да одговори на нив. Постарите членови можат да мотивираат преку убаво раскажаните поучни приказни или вистински настани каде се истакнува и цени трудот, работата и залагањето. И на тој начин се постигнува успех.

### Контрола

Во оваа фаза на развој на тутунопроизводството неопходна е постојана контрола во сите фази во тутунопроизводството и на сите операции, со цел да се добие најдобар квалитет и најголема продуктивност.

### Љубов

Нема поважен фактор за постигнување на квалитет, продуктивност и ефикасност во секоја работа од љубовта.

Да се работи со љубов значи да се сака работата, да се сака групата, да се сакаат другите луѓе, да се сака самиот себе.

Љубовта е извор на сите човекови богатства. Човек кој има љубов, тој е со отворено срце, со широк видик и полн со енергија за постигнување на квалитет.

## 4. ПРОДУКТИВНОСТА И КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

Индивидуалниот тутунопроизводител или претпријатието, извршувајќи ја својата работна активност, треба да се грижи остварените резултати да бидат поголеми од направените вложувања во целокупниот потфат. Поконкретно кажано, неговото внимание треба да биде насочено кон подобрување на квалитетот на тутунот и зголемување на продуктивноста.

Продуктивноста во економската теорија е еден од основните економски принципи чија дефиниција гласи да се остварат максимални резултати (излез-output, од економскиот систем) со минимални вложувања (влез-input, во економскиот систем), односно нејзината дефиниција прикажана преку формула би била:

$$\text{Продуктивност} = \frac{\text{излез (output)}}{\text{влез (input)}}$$

Самата прегледност на формулата кажува дека доколку излезот (output) преку кого се изразува вредноста на произведениот тутун пазарно валоризиран, односно по договорно определена откупна цена по класи, заснована на пазарни основи е поголем од направените влезови (input) преку кого се изразени трошоците направени за да се добијат излезите, тогаш и продуктивноста ќе биде поголема. Нејзината големина зависи од двете компоненти.

Најдобар показател за продуктивноста на тутунопроизводството може да се добие со предавањето (продавањето) на тутунот од реколтната година, кога ќе се стави во однос остварениот приход со целокупните трошоци за тој приход, вклучувајќи ги и ангажираните членови од домаќинството со сите нивни карактеристики, ставови, размислувања, однесувања, односно целокупниот нивни придонес.



Традиционалниот начин на следење на резултатите од тутунопроизводството се одвиваше преку показателот принос по единица површина, обично се земаа произведени килограми тутун по хектар (кај индивидуалните тутунопроизводители, произведени килограми тутун по декар). Согласно статистичките податоци, просечниот републички принос на тутун по хектар во последните десетина години, се движеше како што е прикажан во Табела 4.

Остварен принос на тутун во Р Македонија во периодот од 1986 до 1996 година

Табела 4 во тони

| Години | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кг по хектар | 1.159 | 1.125 | 1.201 | 1.126 | 790 | 1.375 | 1.178 | 1.123 | 1.269 | 1.440 | 1.313 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија 1997, Скопје, декември 1997 година стр. 333.

Графикон 4
Остварен принос на тутун во Р Македонија во периодот од 1986 до 1996 година




Квалитетот на тутунот пак, се следи преку остварениот рандман, искажан по класи.

Заради прегледност на искажувањето на квалитетот ќе се послужиме со Табела 5, каде се дадени просечни податоци за остварениот рандман од произведениот тутун од страна на 30 анкетирани индивидуални тутунопроизводители, кои имаа засадено тутун на површините на Институтот за тутун-Прилеп во 1996 година и просекот на Републиката за истата година.

Остварен рандман на тутунот тип прилеп засаден на опитното поле на Институтот за тутун-Прилеп, просечно по хектар и просекот на Републиката за реколта 1996 година

Табела 5 во кг

| КЛАСА | Опитно поле - ИТП просек | Учество во % | Републички просек | Учество во % |
|---|---|---|---|---|
| I КАТЕГОРИЈА | | | | |
| I | 969 | 23,2% | 85,5 | 5,7% |
| II | 2.093 | 50,2% | 769,6 | 51,7% |
| IIIa | 1.003 | 24,0% | 508 | 34,1% |
| IIIb | 66 | 1,6% | 97,5 | 6,5% |
| IV | 11 | 0,3% | 15,7 | 1,1% |
| V | 11 | 0,3% | 0,4 | 0,0% |
| II КАТЕГОРИЈА | | | | |
| I | 18 | 0,4% | 12 | 0,8% |
| II | | | 0,2 | 0,0% |
| III | | | | |
| IV | | | | |
| V | | | | |
| ВКУПНО: | 4.171 | 100% | 1.489 | 100% |

Извор: Анкета за произведен тутун на индивидуални тутунопроизводители во ИТП 1996 година и податоци за републичкиот просек на тутун тип прилеп од АД Југотутун Скопје.

Бидејќи во трудов имавме за цел да иницираме активности за унапредување на процесите на тутунопроизводството, каде продуктивноста и квалитетот треба да најдат место во севкупното работење на тутунопроизводниот субјект, ќе останеме без поширок коментар на последната табела (Табела 5). Накратко ќе истакнеме дека продуктивноста и квалитетот се јавуваат кај добро организираните тутунопроизводители, што впрочем се гледа од рандманот и приносот прикажан во Табела 5, кој е многу подобар кај анкетираните тутунопроизводители (принос 4.171 кг/ха отколку што е републичкиот просечен принос на тутун од 1.489 кг/ха, за реколта 1996 година).

Со оглед на ограничениот број на страници, ќе заклучиме дека квалитетот и продуктивноста на тутунопроизводството, посебно доаѓаат до израз доколку истото се заснова врз современ начин на производство каде до израз ќе дојдат претходно изведените принципи.

## ЗАКЛУЧОК

Согласно времето во кое живееме и условите на стопанисување, мора да се трудиме за унапредување на тутунопроизводството, при што до израз ќе дојде неговиот квалитет и продуктивност.



Квалитетот на тутунот и неговата продуктивност, бара посебна ангажираност на тутунопроизводителите во сите негови фази, почнувајќи од семепроизводството, расадопроизводството, нивското производство, агротехничките мерки, заштитата, берењето, нижењето, манипулацијата, како и други активности, па сè до неговото реализирање на откупните пунктови.

Со унапредувањето на процесите на тутунопроизводството во сите негови фази, до израз ќе дојде неговиот квалитет, продуктивност и ефикасност.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Д-р Трајче Мицески: „Некои аспекти на развојната стратегија на тутунското стопанство", 18-ти Симпозиум за тутун, Охрид 1997 година.
2. Проф. д-р Стеван Кукулеќа: „Организационо-пословни ЛЕКСИКОН" ИРО „РАД" Београд , 1986, стр. 1197.
3. Проф. д-р Миле Узуноски: Производство на тутун, Стопански весник, Скопје, 1985 година.
4. Д-р Љупчо Попоски: „Фактори кои влијаат врз зголемената производност на ориенталските тутуни во Р Македонија". Тутун бр. 1-12, 1993 година.
5. Д-р Љупчо Попоски, д-р Кирил Филипоски: Фактори кои влијаат врз зголемената производност на ориенталските тутуни во Република Македонија, Тутун 1-12, Прилеп.
6. К. Наумоски, Д. Боцески, М. Грданоски, С. Карајанков, Б. Ачкоски: „Современо производство на тутун", НИК „Наша книга" Скопје, 1977 година.
7. Д-р Бобек Шуклев: „Менаџмент", Економски факултет - Скопје, 1993 година.